Скијачка Федерација
на Македонија

СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-2/47/23
27.04 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Член 41 став 1, Член 45 став 1 и став 2, Член 46 став 1, алинеа 1 и став 4 од Правилникот за работа на дисциплинска комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност, Извршниот одбор на Скијачката федерација на Македонија, на ден 25.04.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Жалбата поднесена од Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола, со ЕМБС 4141954, заведена под бр. 0302-4/38/23 на ден 18.04.2023 година против Одлука бр. 0302-2/36/23 од 28.03.2023 година донесена од страна на Дисциплинската комисија на Скијачка Федерација на Македонија со која Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола се огласува за виновен за сторени дисциплински прекршоци, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**
Одлука бр. 0302-2/36/23 од 28.03.2023 година донесена од страна на Дисциплинската комисија на Скијачка Федерација на Македонија **СЕ ПОТВРДУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 23.02.2023 година од страна на Борче Јаневски , Генерален Секретар и член на Извршен одбор на Скијачка Федерација на Македонија (во понатамошниот текст само „СФМ“) поднесена е Пријава за поведување на дисциплинска постапка против Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола (во понатамошниот текст само „ПЕЛИСТЕР“).
На ден 27.02.2023 година Дисциплинската комисија при СФМ утврдила дека Пријавата ги исполнува условите за поведување на дисциплинска постапка по што на 28.02.2023 година по препорачана пратка ПЕЛИСТЕР го повикал писмено да се произнесе по поднесената Пријава и приложените докази кон истата во рок од 5-пет дена. На ден 17.03.2023 година до СФМ е доставено Писмено произнесување по поднесената дисциплинска постапка.
На ден 28.03.2023 година, Дисциплинската комисија при СФМ донела Одлука со која ПЕЛИСТЕР се огласува за виновен дека ги сторил дисциплинските прекршоци – Сторил повреда со која го нарушил угледот на СФМ и довел во заблуда останати субјекти и органи и Недолично, неспортско однесување спротивно на духот на спортот, етиката, фер играта и чесност.

Со одлуката, спрема ПЕЛИСТЕР се изрекуваат дисциплински казни и тоа забрана за учество и гласање во органите на СФМ со времетраење од 1- една година сметано од денот на донесувањето на одлуката.

На ден 18.04.2023 година, од страна на ПЕЛИСТЕР, е доставена жалба до Извршен одбор на Скијачка федерација на Македонија со барање клубот да не се казнува.

Жалбата е доставена до Извршен одбор на Скијачка федерација на Македонија, што е спротивно на член 44, став 1 од Правилникот за работење на дисциплинска комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност (во понатамошниот текст само „Правилникот“) каде е предвидено дека жалбата се доставува директно до Дисциплинска комисија. Сепак вака доставената жалба е разгледана од страна на Дисциплинската комисија во поглед на исполнетост на условите предвидени во член 44, став 2 од Правилникот по што во предвидениот рок списите од предметот се доставени до Извршниот одбор.

Постапувајќи по доставената жалба, Извршниот одбор на СФМ утврди дека истата е неоснована заради следното:

Извршниот одбор ги зема во предвид истакнатите наводи дека порано овластеното лице Наум Симјановски подолг период одлуките и предлозите ги носел самостојно без консултација со другите органи на ПЕЛИСТЕР, заради што донесена е одлука за промена на управувачките структури и негова смена, но таквите наводи ги смета за неосновани од причина што во моментот кога е сторена дисциплинската повреда Наум Симјановски го застапувал пријавениот клуб ПЕЛИСТЕР, бил негово овластено лице и застапник по закон и како таков ги застапувал правата и интересите на пријавениот клуб ПЕЛИСТЕР на одржаното собрание на СФМ на ден 27.12.2022 година. Имено, согласно член 25 од Законот за здруженија и фондации, здружението има едно или повеќе лица овластени за застапување на здружението избран, односно именуван на начин утврден со статутот. Во такви услови, фактот дека некој клуб има или нема внатрешни несогласувања е ирелевантно од причина што со изнесените ставови и мислење на седницата на собранието на ден 27.12.2022 година како претставник и во име на клубот кој го застапувал Наум Симјановски, јасно произлегува и несомнено дека сторител на дисциплинскиот прекршок е ПЕЛИСТЕР.

Неосновани се жалбените наводи дека ПЕЛИСТЕР не треба да се казни од причина што во моемнтот има натпреварувачка (Ева Милевска) која изминатата сезона 2022/23 постигнала едни од најдобрите резултати во историјата на македонското алпско скијање и во спортски дух за наредната сезона која е посебно важна затоа што истата влегува во FIS категорија, па

Скијачка Федерација
на Македонија

присуството на ПЕЛИСТЕР на Собрание на СФМ е од посебно значење. Ова од причина што изречената дисциплинска мерка забрана за учество и гласање во органите на СФМ со времетраење од 1- една година сметано од денот на донесувањето на обжалената одлука воопшто нема да има никакво влијание врз учеството на натпреварувачката Ева Милевска и на самиот клуб ПЕЛИСТЕР на било кој/и натпревар/и во Република Северна Македонија или во странство односно ПЕЛИСТЕР можЕ слободно да продолжи да ги остварува своите активности, да аплицира за средства, да дава свои предлози за уанпредување на скијачкиот спорт до органите на СФМ а единствено нешто што нема да може е да учествува и гласа во органите.

Видно од образложеениeто на обжалената одлука, јасно произлегува дека Дисциплинската комисија правилно ја утврдила фактичката состојба кога утврдила дека на седница на редовно собрание на СФМ одржано на ден 27.12.2022 година ПЕЛИСТЕР преку законскиот застапник наводно читајќи одредби од важечкиот Статут на СФМ во неколку наврати изнел невистинити податоци на начин што пред сите присутни членови изјавил и настојувал дека не е запазен рокот за свикување на собрание, дека седницата е незаконита, со кое нешто го нарушил редот на собранието, ги довел во заблуда присутните членови, а кое нешто само го потврдува заклучокот дека ПЕЛИСТЕР постапува со намера и со цел да наштети на самата федерација а исто така го наруши и угледот на СФМ. Дисциплинската комисија правилно дека таквото однесување е спротивно на спортскиот дух и етика и воопшто самото однесување претставува недолично и неспортско однесување кое е исклучиво на штета на СФМ и нејзиното членство и скијачкиот спорт воопшто.

Врз основа на сето погоре наведено, Дисциплинската комисија правилно го применила и материјалното право кога ја донела нападнатата одлука при тоа применувајќи ги член 9 в.в. член 21, член 22, став 1, алинеја 3 и 8 и член 35, став 1, точка 3 и член 38 од Правилникот за работа на дисциплинската комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност.

Согласно член 21 од Правилниот, забрана за учество и гласање во органите на СФМ се изрекува на клуб за сторен прекршок, кој не ги почитува одлуките на органите на СФМ и/или акти на СФМ и/или не поднесува извештаи и/или ја клевети или навредува СФМ или нејзини членови, членови на органите и телата на СФМ, натпреварувачи, тренери и други ангажирани лица со своето делување го нарушува угледот и честа на СФМ и/или нејзините членки и/или претходно веќе му е изречена некоја дисциплинска казна. Забрана за учество и гласање во органите на СФМ може да се изрече за период од 6 месеци до 1 година.

При одлучување на Извршниот одбор, на барање на Борче Јаневски, член на Извршен одбро на СФМ, истиот се иззема од одлучувањето со оглед да Барањето за поведување на дисциплинска постапка е поднесено од негова страна па согласно член 34, став 1, точка 4 истиот не може да учествува во одлучување по поднесената жалба.

Скијачка Федерација
на Македонија

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, како и одлучноста, решителноста и упорноста при постапувањето на ПЕЛИСТЕР како и тежината на сторените дисциплински прекршоци, согласно Член 46, став 1, точка 1, Извршниот одбор ја одбива Жалбата поднесена од Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола заведена под бр. 0302-4/38/23 на ден 18.04.2023година и ја потврдува првостепената Одлука бр. 0302-2/36/23 од 28.03.2023 година со која Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола се огласува за виновен и му се изрекува казна забрана за учество и гласање во органите на СФМ со времетраење од 1-една година сметано од денот на донесувањето на Одлуката.

Одлучено на ден 25.04.2023 година

За Скијачка Федерација на Македонија
Дејан Пановски
Претседател

Скијачка Федерација на Македонија * Скопје *

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволната страна има право на тужба во рок од 30 дена од денот на прием на одлуката до надлежниот суд. Тужбата не го одлага извршувањето на одлуката.